Анализа на родово-базирани содржини



# Родовата еднаквост

во време на родови *дезинформации*

Анализа на родово-базирани содржини

# Родовата еднаквост

во време на родови *дезинформации*

Институт за комуникациски студии

respublica

**Издавач:**
Институт за комуникациски студии
ул. „Јуриј Гагарин“ 17-1-1, Скопје
www.iks.edu.mk

**За издавачот:**
вон. проф. д-р Жанета Трајкоска

**Едиција:**
ResPublica

**Автори:**
м-р Бојана Јовановска
м-р Јована Јовановска

**Уредник:**
м-р Дејан Андонов

**Лектор:**
Ружица Пејовиќ

**Графички дизајн:**
Игор Делов

**Место и година:**
Скопје, 2023

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

305:316.776.23(497.7)"2023"(047.31)
316.774:004.738.5(497.7)"2023"(047.31)

ЈОВАНОВСКА, Бојана
Анализа на родово-базирани содржини [Електронски извор] : родовата еднаквост во време на родови дезинформации / [автори Бојана Јовановска, Јована Јовановска]. - Скопје : Институт за комуникациски студии, 2023. - (Едиција ResPublica)

Начин на пристапување (URL):
https://respublica.edu.mk/wp-content/uploads/2023/10/rodovata-ednakvost-vo-vreme-na-rodovi-dezinformacii.pdf
(Слободен пристап). - Текст во PDF формат, содржи 40 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 19.10.2023. - Фусноти кон текстот. - Финансиер: Влада на Обединето Кралство, "Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија"

ISBN 978-608-4805-34-2

1. Јовановска, Јована [автор]
а) Родови дезинформации -- Онлајн медиуми -- Македонија -- 2023 -- Истражувања

COBISS.MK-ID 62022917

# Вовед

Дезинформациите може да се дефинираат како лажни информации намерно создадени со цел да им се наштети на одредена личност, социјална група или организација, при што лажниот карактер на информациите може да произлезе и од таканаречени „манипулирани информации“.[1] Притоа, родовите дезинформации се однесуваат на секоја лажна и манипулирана информација што има цел да им предизвика штета на жените или на луѓето од различен род и сексуалност. Една од првичните дефиниции за родовите дезинформации го опфаќа ширењето измамнички или неточни информации и слики против политички лидерки, новинарки и женски јавни личности, следејќи наративи што се базираат на мизогинија и стереотипни родови улоги.[2] Меѓутоа, и покрај тоа што распространетоста на родовите дезинформации зема сè поголем замав, имајќи ја предвид нивната комплексност, самиот концепт сè уште е во фаза на конструкција, па оттука и нивното соодветно препознавање и сузбивање сè уште претставуваат голем предизвик.

Родовите дезинформации се однесуваат на активности (создавање, споделување, ширење содржини) со кои се напаѓаат или се поткопува угледот на луѓето врз основа на нивниот род и ги злоупотребуваат родовите стереотипи за промовирање политички, социјални или економски цели.[3] Еден од наједноставните начини за препознавање на родовата компонента на дезинформациите е дека дезинформациите се родови доколку се насочени кон жените врз основа на нивниот идентитет како жена.[4] Притоа најчести примери за родови дезинформации се лажни содржини, координирани кампањи за креирање и споделување дезинформации со коишто се омаловажува карактерот на жената, карикатуризација и

1 Internet Governance Forum. (2021). *Best Practice Forum Gender and Digital Rights: Exploring the concept of Gendered Disinformation. OUTPUT DOCUMENT.* Достапно на: https://www.intgovforum.org/en/filedepot_download/62/20661

2 Ibid.

3 Judson, E. et all. (2020). *Engendering Hate: The Contours of State-Aligned Gendered Disinformation Online. Demos.* Достапно на: https://demos.co.uk/wp-content/uploads/2020/10/Engendering-Hate-Report-FINAL.pdf

4 Blatnik, A. (2021). *An overlooked Threat to Democracy? Gendered Disinformation About Female Politicians.*

демонизација на поддржувачите на родовата еднаквост.[5] Кампањите за родови дезинформации најчесто се насочени кон лица со одреден јавен статус или позиции, како што се политичарки, новинарки, активистки, уметници итн.

Онлајн-медиумите и платформите на социјалните медиуми се главниот извор на дезинформации, говор на омраза и прекршување на професионалните стандарди,[6] со што социјалните медиуми претставуваат главна алатка за ширење и на родовите дезинформации во националниот контекст. Социјалните медиуми можат да ги обликуваат ставовите за политичките способности на жените и важноста на застапеноста на жените,[7] при што зајакнувањето на негативните родови стереотипи во онлајн-просторот ќе влијае на зајакнување на мизогините ставови за улогата на жената во јавната сфера и во општеството.[8] Во овој контекст, од клучно значење е родовите дезинформации да се идентификуваат и да се разберат, но и да се третираат како проблем за демократските институции, имајќи ги предвид негативните последици што може да ги имаат врз родовата еднаквост и генерално врз развојот на едно општество. Оттука, со оваа анализа се обидуваме да дадеме придонес во разоткривањето на дезинформациите што во последните неколку месеци беа споделувани во новинарските извештаи, како и ефектите што тие ги имаат во креирањето и споделувањето родови дезинформации и родово-базиран говор на омраза, особено кон жени.

Оваа анализа, со наслов „Родовата еднаквост во време на родови дезинформации", е трета анализа на родово-базирани содржини што ја изработи Институтот за комуникациски студии во рамките на проектот „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија", кој се реализира со поддршка на британската амбасада во Скопје.

5 Internet Governance Forum. (2021). *Best Practice Forum on Gender and Digital Rights: Exploring the concept of gendered disinformation.* Достапно на: https://intgovforum.org/en/filedepot_download/248/21181

6 European Commission. (2022). *North Macedonia 2022 Report.* Достапно на: https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2022-10/North%20Macedonia%20Report%202022.pdf

7 Di Meco, L. (2020). *Online Threats to Women's Political Participation and The Need for a Multi-Stakeholder, Cohesive Approach to Address Them*. UN Women. Достапно на: https://www.unwomen.org/sites/default/files/Headquarters/Attachments/Sections/CSW/65/EGM/Di%20Meco_Online%20Threats_EP8_EGMCSW65.pdf

8 Judson, E. (2021). *Gendered disinformation: 6 reasons why liberal democracies need to respond to this threat.* Heinrich-Böll-Stiftung. Достапно на: https://eu.boell.org/en/2021/07/09/gendered-disinformation-6-reasons-why-liberal-democracies-need-respond-threat#_ftn1

# Методологија

Целта на оваа анализа е да ги идентификува дезинформациите во врска со предлог-законот за родова еднаквост и измените на Законот за матична евиденција, во корелација со родовите дезинформации што беа нивен директен продукт. Притоа, анализата опфаќа родово-базирани содржини чија цел е преку употреба на родовите стереотипи да се креираат содржини што се засновуваат на невистини, навреди, сексуализирање, омаловажување и исмејување жени, заради нивно замолчување, односно исклучување од јавниот дискурс. Анализата ќе придонесе за подобро препознавање и разбирање на родовите дезинформации, како и на дискредитирањето на женскиот глас во онлајн-просторот, пред сѐ преку перпетуирање на родовите стереотипи.

За таа цел, преку анализа на новинарски извештаи објавени на онлајн-медиумите, анализата опфати обработка на студија на случај, со примена на квалитативна анализа на содржини објавени во периодот од мај до јули 2023 година, којашто ги опфаќа настаните што се директно поврзани со темата на анализа, односно Парадата на гордоста (Скопје Прајд 2023) и протестот организиран од страна на Македонската православна црква (МПЦ), кои се одржаа во јуни. За целите на оваа анализа беше анализиран примерок од повеќе од 1.000 новинарски извештаи објавени на онлајн-медиуми и повеќе од 7.000 коментари на објави на новинарски извештаи на социјални медиуми, односно на платформата Фејсбук.

Родово-базираните содржини беа анализирани преку неколку специфични аспекти:

- употреба на (родови) дезинформации во врска со законски прописи и политики
- употреба на сензационалистички јазик
- употреба на сексистички говор и говор на омраза

- употреба на родови стереотипи
- улогата на медиумите во превенирањето и промовирањето на (родовите) дезинформации.

Во рамките на оваа анализа беше користен идентитетот на неколку политичарки што вршат јавни функции, додека другите жени се прикажани преку нивните професии. Во анализата не беа пренесени содржини што прикажуваат експлицитно насилство.

# Контекст на анализата

Родовите дезинформации функционираат на тој начин што преку употреба и нагласување на родовите стереотипи, креаторите се обидуваат да ја убедат публиката дека жените се глупави, сексуални, неморални, подмолни, слаби, незаштитени, а чија главна цел е да покаже дека местото на жените не е во јавната сфера, односно да ги исклучи жените од јавниот дискурс и потенцијалните центри на моќ. Родовите дезинформации претставуваат алатка за вознемирување на жените, која може да влијае на нивна самоцензура и да придонесе за нивна помала застапеност во јавната сфера, што испраќа порака до сите жени за нивното место и улога во општеството.

Ширењето на овој вид дезинформации во Северна Македонија може да им се припише на дејствијата на субјектите што се поврзани со антиродовото движење, кое е во пораст.[9] Притоа, во кампањите на антиродовите движења се употребуваат наративи што се засновуваат на мизогинија, хомофобија и трансфобија, кои всушност се и вообичаени карактеристики на родовите дезинформации.

Антиродовите движења претставуваат интернационално или транснационално движење што се спротивставува на она што тие го нарекуваат „родова идеологија" или „родова теорија", при што една од дефинициите за антиродовите движења е дека претставуваат организирана форма на дејствување што обединува различни актери против она што се дефинира како „родова идеологија".[10] Притоа, она што е значајно да се напомене е дека антиродовите движења во својата суштина се недемократски и претставуваат закана за човековите права, особено за правата на жените и другите маргинализирани групи во општеството, и имаат тенденција регресивно да влијаат врз досегашниот развој во насока на инклузивност и еднаквост.

9 Kotevska, B. et all. (2023). *Franet National contribution to the Fundamental Rights Report 2023 North Macedonia.* FRA. Достапно на: https://epi.org.mk/wp-content/uploads/frr_2023_north_macedonia_en.pdf

10 Величковска, М. и Цветковиќ, И. (2022). *Кој се плаши од родот? Анализа на клучните стратегии и наративи на антиродовите движења во Северна Македонија.* Коалиција МАРГИНИ Скопје. Достапно на: http://coalition.org.mk/wp-content/uploads/2022/10/koj-se-plashi-od-rodot_-interactive.pdf

Антиродовите движења во Северна Македонија се интензивираа кон крајот на 2020 година, поттикнати од реформите што ги предвидуваше новата Концепција за основно образование. Во рамките на јавните дискусии за Концепцијата, неколку групи се залагаа против родово-сензитивното образование и пилотирањето на сексуалното образование, притоа употребувајќи термини како „родова идеологија" и „родова индоктринација", како точка на мобилизација во локалниот контекст.[11] Притоа, главните наративи околу кои се прави мобилизација на овие групи се „заштита на децата", „зачувување на семејството", „биологија/природа/нормално". Најголем дел од овие групи и индивидуи своите активности ги продолжија и во наредните години, застапувајќи против промени на одредени закони и политики, меѓу кои и новиот предлог-закон за родова еднаквост и измените на Законот за матична евиденција.

Една од „жртвите" на влијанието на антиродовите движења беа токму предложените измени на Законот за матична евиденција уште во 2020 година. Имено, во 2019 година, во случајот *X vs The former Yugoslav Republic of Macedonia*, Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) утврди дека Северна Македонија ја прекршува Конвенцијата за човекови права бидејќи сегашната правна рамка во државата не обезбедува брзи, транспарентни и достапни процедури за промена на регистрираниот пол на трансродовите лица во изводите од матичната книга на родените.[12] Со правното признавање на родот лицата ќе можат да ја променат ознаката за пол во матичната евиденција, заради усогласување со нивниот родов идентитет и физички изглед. На овој начин, со усогласување на документите за лична идентификација што ќе го рефлектираат соодветниот родов идентитет, лицата ќе може да бидат заштитени од низа повреди на човекови права и дискриминација, меѓу другото и при вработувањето, во здравството итн., како и од физички и вербални напади.[13] И покрај тоа што сегашниот закон не забранува промена на ознаката за пол во матичната евиденција, и некои од трансродовите лица веќе ја имаат направено промената, сепак тоа ѝ е оставено на волјата на институциите, односно сè уште не постои јасна процедура, што притоа може да трае со години. Целосната имплементација

11 Ibid.

12 ECHR, X vs The former Yugoslav Republic of Macedonia, Апликација бр. 29683/16, 17 јануари 2019.

13 Бошкова, Н. и Раиден, И. (2017). *Анализа на позитивни практики за правно признавање на родот*. Достапно на: https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/kszpmz_Analiza-na-pozitivni-praktiki_a4_pregled-3_0.pdf

на пресудата на ЕСЧП вклучува усвојување правна рамка што ќе гарантира соодветна правна постапка за признавање на полот заснована на самоопределување, со поднесување барање на нотар, за чија цел Министерството за правда формираше работна група во која членуваа претставници/чки на сите релевантни институции, како и на граѓански организации што работат во оваа област. Работната група работеше две години на подготвување предлог-измени на Законот за матична евиденција, меѓу другото и регулирање на законската процедура за признавање на родот, чии измени беа поднесени до Собранието. Меѓутоа, само еден ден пред да се отвори расправа за предлогот, без никаква јавна консултација, Владата го повлече законот од парламентарна процедура, како директен резултат на тековните активности за застапување на неколку антиродови групи. Мобилизацијата против законот резултираше со формирање на „Коалиција за заштита на децата", во која членуваат 26 ентитети, од кои најголем дел се здруженија на граѓани и неформални групи, но и политички партии и верски групи, кои преку употреба на лажни вести, манипулации и морална паника, заради предизвикување параноја и страв кај населението и носачите на одлуки, прашањето за правно признавање на родот го претворија во прашање на заштита на жени и деца, предупредување за скриените агенди на ЛГБТИ-активистите за уништување на општеството и државата, како и различни теории на заговор.[14] Токму овие измени беа предмет на критика од страна на МПЦ, како и на споменатите организации и здружувања што се дел од антиродовото движење, како и други верски заедници, во периодот што се разгледува во оваа анализа.

Меѓутоа, потенцијална „жртва" на антиродовите движења стана и предлог-законот за родова еднаквост, кој треба да го замени Законот за еднакви можности на мажите и жените, првпат донесен во 2012 година. Потребата за донесување нов закон произлезе од ограничената ефективност на законот и потребата за зајакнување на капацитетите (финансиски и човечки) на родовата машинерија, односно на институционалните механизми за родова еднаквост, како органи со мандат да промовираат родова еднаквост и да го поддржуваат интегрирањето на родовата еднаквост во општите политики

14 Величковска, М. и Цветковиќ, И. (2022). *Кој се плаши од родот? Анализа на клучните стратегии и наративи на антиродовите движења во Северна Македонија.* Коалиција МАРГИНИ Скопје. Достапно на: http://coalition.org.mk/wp-content/uploads/2022/10/koj-se-plashi-od-rodot_-interactive.pdf

од сите области.[15] Овие органи најчесто се составени од орган на централната власт, односно Министерството за труд и социјална политика, надополнет со меѓуминистерска структура за координација на родовото интегрирање и лица за контакт или фокални точки во секое надлежно министерство одговорни за имплементација на интегрирањето на родовата еднаквост во релевантните политики. Идентификуваните недостатоци беа дел од препораките на Комитетот за елиминација на дискриминацијата кон жените при Обединетите нации,[16] по кои следуваа и анализи за имплементацијата на законот на локално и централно ниво во 2019 година,[17] а во 2020 година беше формирана работна група во која членуваат претставници/чки на сите релевантни институции, граѓански организации и други експерти со долгогодишно искуство во областа. Текстот на новиот предлог-закон е доставен и до Венецијанската комисија.[18] По двегодишна работа законот се најде во завршна фаза и текстот беше дискутиран на неколку јавни расправи организирани од страна на Министерството за труд и социјална политика (МТСП). Притоа, според информациите, предложеното законско решение во меѓувреме не добива суштински забелешки од страна на ниту една политичка партија.

Политиките и заложбите за родова еднаквост на Северна Македонија датираат уште пред терминот „родова еднаквост" да стане дел од законската регулатива. Првата Стратегија за родова еднаквост 2013-2020[19] е донесена во 2013 година врз основа на членот 9 став 3 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, додека во 2022 година беше донесена актуелната Стратегија за периодот 2022-2027.[20] Наспроти ова, антиродовите движења започнуваат да шират дезинформации за воведување на терминот „родова

15 Обврската за воспоставување ефикасен и ефективен институционален механизам потекнува од Декларацијата од Пекинг од 1995 година, чија потписничка е Северна Македонија.

16 CEDAW. (2018). *Concluding observations on the sixth periodic report of the former Yugoslav Republic of Macedonia.* Достапно на: https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/15/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CEDAW%2FC%2FMKD%2FCO%2F6&Lang=en

17 Достапни на: https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti/2020/5.3_Assessment%20of%20the%20Law%20on%20EOWM_CENTRAL%20LEVEL_FINAL_MKD.pdf и https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti/2020/5.3_Assessment%20of%20the%20Law%20on%20EOWM_LOCAL%20LEVEL_FINAL_MKD.pdf

18 Достапно на: https://www.venice.coe.int/webforms/documents/?pdf=CDL-REF(2021)044-e

19 Службен весник на Република Македонија број 6/12. Достапно на: http://www.slvesnik.com.mk/Issues/9d01686c914343d28b15b2605b82272b.pdfhttp://www.slvesnik.com.mk/Issues/9d01686c914343d28b15b2605b82272b.pdf

20 Службен весник на Република Македонија број 170/22. Достапно на: http://www.slvesnik.com.mk/Issues/9d01686c914343d28b15b2605b82272b.pdfhttps://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/strategija_/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0_%D0%B7%D0%B0_%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%B0_%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B0%D0%BA%D0%B2%D0%BE%D1%81%D1%82_2022_2027.pdf

еднаквост“ токму преку новото законско решение. Дополнително, во нивната реторика од терминот „родова еднаквост“ се апстрахира зборот „род“, кој претставува субјект врз основа на кој се врши понатамошна манипулација, особено преку наводно воведување на терминот „родов идентитет“ со новите законски решенија. Меѓутоа, и терминот „родов идентитет“ е воведен многу порано во македонското законодавство, па така, на пример, веќе неколку години претставува една од дискриминаторските основи регулирани со Законот за спречување и заштита од дискриминација.[21] Исто така, во предлог-законот за родова еднаквост воопшто не се споменува правно признавање на „родовиот идентитет“, туку само во предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција, меѓутоа и двете законски решенија се ставени во ист пакет и етикетирани како опасни за општествениот поредок, притоа водејќи се од исклучиво традиционално патријархални сфаќања за тој поредок.

И покрај тоа што изјавите од страна на свештени лица против законите, но и против родовата еднаквост генерално, започнуваат да стануваат сè погласни уште во март, антиродовата реторика се интензивира непосредно пред Парадата на гордоста, што резултира и со организирање протест од страна на МПЦ против овие законски решенија, кој е поддржан од страна на други верски институции, граѓански организации и здружувања што се дел од антиродовото движење, како и политички партии.

Социјалните медиуми се една од клучните алатки за креирање и ширење на родовите дезинформации, имајќи предвид дека, особено во македонскиот контекст, се покажуваат како плодна почва за креирање и ширење на родово-базиран говор на омраза и родово-базирано вознемирување, најчесто преку перпетуирање родови стереотипи во онлајн-просторот.[22] Дополнително, медиумите пак имаат значајна улога во креирањето и споделувањето на дезинформациите, бидејќи токму објавите на новинарските извештаи на социјалните медиуми најчесто претставуваат основа за креирање на овие содржини, кои многу ретко се подложени на регулација од страна на самите медиуми.

21 Службен весник на Република Северна Македонија број 258/20 година. Достапно на: https://www.mtsp.gov.mk/content/%D0%97%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%20%D0%B7%D0%B0%20%D1%81%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%87%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5%20%D0%B8%20%D0%B7%D0%B0%D1%88%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%B0%20%D0%BE%D0%B4%20%D0%B4%D0%B8%D1%81%D0%BA%D1%80%D0%B8%D0%BC%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0.pdf

22 Јовановска, Б. и Јовановска, Ј. (2023). *Анализа на родово-базирани содржини: Сексистички говор на омраза кон млади девојки.* Институт за комуникациски студии. Достапно на: https://iks-edu-mk.b-cdn.net/wp-content/uploads/2023/08/seksistichki-govor-na-omraza-kon-mladi-devojki-mk.pdf

Традиционалната медиумска сфера на јавно информирање во Северна Македонија се регулира со Законот за медиумите[23] и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.[24] Иако овие закони не ги регулираат онлајн-медиумите, постојат низа други закони што на некој начин ги регулираат, меѓу кои: Кривичниот законик, Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, Законот за авторско дело и сродни права, Законот за заштита на личните податоци, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Законот за спречување и заштита од дискриминација, Законот за работни односи, Законот за архивски материјал, Законот за електронска трговија и други. Како што беше споменато во претходната анализа на родово-базирани содржини, во моментов во државата не постои регулација на социјалните медиуми, со што е креиран вакуум во кој тлее говорот на омраза и ширењето штетни содржини.[25] Дополнително, иако онлајн-медиумите се предмет на регулација во Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, во кој се опфатени со терминот „електронски публикации" како медиуми преку кои може да се извршат навреди и клевети, ова не важи и за говорот на омраза.

Според „Насоките за етичко известување на онлајн-медиумите",[26] онлајн-медиумите не треба да прикриваат или да премолчуваат важни информации чие објавување би можело да влијае врз толкувањето или разбирањето на содржината на извештајот од страна на читателите, при што премолчувањето на фактите што можат битно да влијаат врз формирањето на ставот за некој настан или личност е еднакво на намерно искривување на реалноста и создавање дезинформации. При пренесување тврдења на политички субјекти или други извори, медиумите треба да настојуваат секогаш кога е можно да ги проверат тие тврдења, односно да не бидат само пренесувачи на „сервирани факти" од некој друг, со што на публиката ќе ѝ овозможат да прави разлика меѓу фактите и шпекулациите или дезинформациите, особено кога станува збор за важни и актуелни случувања и теми. Дополнително, онлајн-медиумите не треба никогаш да поттикнуваат омраза

23 Закон за медиуми, Службен весник на РСМ број 184/12

24 Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Службен весник на РСМ број 184/13

25 Јовановска, Б. и Јовановска, Ј. (2023). *Анализа на родово-базирани содржини: Сексистички говор на омраза кон млади девојки.* Институт за комуникациски студии. Достапно на: https://iks-edu-mk.b-cdn.net/wp-content/uploads/2023/08/seksistichki-govor-na-omraza-kon-mladi-devojki-mk.pdf

26 Достапно на: https://www.semm.mk/attachments/01-02-2021/%D0%9D%D0%B0%D1%81%D0%BE%D0%BA%D0%B8%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%B5%D1%82%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%BE%20%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%81%D1%82%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5%20%D0%B2%D0%BE%20%D0%BE%D0%BD%D0%BB%D0%B0%D1%98%D0%BD%20%D0%BC%D0%B5%D0%B4%D0%B8%D1%83%D0%BC%D0%B8%D1%82%D0%B5.pdf

или нетрпеливост врз различни основи, меѓу другото и врз основа на полот, родот, сексуалната ориентација и родовиот идентитет. Тие треба да се трудат да ја зголемуваат свесноста за негативните последици од говорот на омраза, да го идентификуваат и да го разобличуваат таквиот говор, како и да ги посочуваат актерите што го продуцираат и се служат со него, и да создаваат содржини со коишто ќе им се спротивстават на говорот на омраза и на дискриминацијата по различни основи. Исто така, онлајн-медиумите се одговорни за редовно прегледување и брзо отстранување на коментарите на корисниците што се објавуваат под новинарските содржини на веб-страниците или на социјалните мрежи, а коишто содржат говор на омраза и имаат потенцијал да предизвикаат штетни последици во општеството.

Во однос на родовата еднаквост, улогата на медиумите е регулирана во Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство[27], каде што ѝ се придава особено значење на нивната превентивна улога преку промоција на родовата еднаквост, рушење на родовите стереотипи, подигање на јавната свест за формите на родово-базирано насилство и сериозните последици што родово-базираното насилство ги има врз жените и општеството. Притоа, она што е значајно да се спомене во контекст на оваа анализа е дека текстот на предлог-законот за родова еднаквост во посебен дел ја нагласува и улогата на медиумите, кои преку нивните програми и содржини се должни да придонесуваат во развивањето и подигањето на свеста за родовата еднаквост, како и обврска да не емитуваат програми со кои се шират идеите за инфериорност на жените и кои поттикнуваат дискриминација.[28] Дополнително, јавното прикажување и претставување на лице или група во медиумите според новиот закон не смее да се остварува на навредлив, омаловажувачки или понижувачки начин, врз основа на полот, родот и родовиот идентитет земајќи предвид дека дискриминацијата и говорот на омраза се забранети со закон.[29]

27 Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство. Службен весник на РСМ број 24/21

28 ЕНЕР. Предлог-закон за родова еднаквост. Достапно на: https://ener.gov.mk/files/propisi_files/ria1/11_1043522045%D0%9D%D0%B0%D1%86%D1%80%D1%82%20-%20%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD_%D0%9F%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%BB%D0%BE%D0%B3%20%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%20%D0%B7%D0%B0%20%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%B0%20%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B0%D0%BA%D0%B2%D0%BE%D1%81%D1%82%20_1.pdf

29 Ibid.



# Студија на случај
# **Родовите дезинформации во македонските медиуми**

Во рамките на оваа студија беа анализирани повеќе од 1.000 новинарски извештаи објавени на социјалните медиуми во периодот од мај до јули 2023 година, како и околу 7.000 коментари на објавите на социјалните медиуми, односно на платформата Фејсбук, поврзани со темата на оваа студија.

Оваа анализа започнува со дваесетина новинарски извештаи што започнуваат да се објавуваат на 5 мај, преку коишто голем дел од медиумите пренесуваат заедничко соопштение на пет лидери на верски заедници во земјава: МПЦ, Исламската верска заедница (ИВЗ), Католичката црква (КЦ), Евангелско-методистичката црква (ЕМЦ) и Еврејската заедница (ЕЗ) за повлекување на предлог-законот за родова еднаквост и измените на Законот за матична евиденција. Поттикнати од најавата за донесување на овие два закони, преку соопштението поглаварите изразуваат загриженост за иднината и безбедноста на верниците, за кои велат дека имаат одговорност, особено за жените и децата, предупредувајќи дека *родовата идеологија е реалност со трагични последици*. Пренесеното соопштение вели дека предлог-законите им противречат на доктрините на сите верски заедници

и дека според нив е *неприфатливо легалното признавање на „родовиот идентитет“ во овие закони, како и збунувачкото разликување меѓу: полот, родот и родовиот идентитет*, и дека *преку нивното донесување, наместо да се заштитат, се отвора можност за дискриминација токму на најранливите - жените и децата*. Според пренесеното соопштение, особено е проблематично опфаќањето на малолетните лица со законот, за што сметаат дека ќе влијае на *промовирањето различни родови идентитети и „флуидноста“ помеѓу нив, можат да предизвикаат непоправливи штети, особено кај тинејџерите, кои, вака упатувани и образувани, треба да минат низ процес на самоиспитување и испробување, несоодветен за нивната возраст.* Притоа, значајно е да се спомене дека противречноста на законските решенија на верските доктрини е ирелевантно, имајќи предвид дека Северна Македонија е секуларна држава и фокусот треба да биде на заштита на човековите права, наместо на религиските догми. Никаде не се дава објаснување за тоа како законите би биле дискриминирачки за жените и децата, кога токму Законот за родова еднаквост е насочен кон нивна заштита, предвидувајќи низа општи и посебни мерки за интеграција на родовата еднаквост во сите сфери на општеството. Дополнително, поимите „род“ и „родов идентитет“ не претставуваат нешто непознато, ниту ново во македонското законодавство, и сами по себе не „промовираат“ различни идентитети, туку напротив, им помагаат на лицата што се чувствуваат исклучени од општеството поради тоа што не ѝ припаѓаат на претпоставената бинарна категоризација на полот, да бидат препознаени и вклучени. Речиси сите новинарски извештаи го пренесуваат соопштението без никаков критички осврт на пренесените информации, при што дополнително се користат и сензационалистички наслови, како **И НА БОГ ТОА НЕ МУ СЕ ДОПАЃА Верските лидери во Македонија се противат на идејата за збунувачката флуидност на родовите идентитети**[30], но и неточни, како насловот **ПОПОВИТЕ И ОЏИТЕ СЕ ЗДРУЖИЈА ПРОТИВ ЖЕНИТЕ: Лидерите на петте верски заедници со заеднички став против Предлог-законот за родова еднаквост**[31], кој пак е контрадикторен на ставот на верските заедници, чиј наратив се засновува на заштита на жената и децата.

30 Достапно на: https://plusinfo.mk/i-na-bog-toa-ne-mu-se-dopa-a-verskite-lideri-vo-makedoni-a-se-protivat-na-ide-ata-za-zbunuvachkata-fluidnost-na-rodovite-identiteti/

31 Достапно на: https://maktel.mk/slider/%D0%BF%D0%BE%D0%BF%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%B8-%D0%BE%D1%9F%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D1%81%D0%B5-%D0%B7%D0%B4%D1%80%D1%83%D0%B6%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D1%82%D0%B8%D0%B2-%D0%B6%D0%B5/




*Извор - www.vecer.press*

Во периодот што следува, се појавуваат неколку новинарски извештаи со информација за јавна проекција на филмот „Што е тоа жена?“ на Мет Волш во Струмица и во други градови во земјата. Мет Волш, кој себеси се карактеризира како „теократски фашист“, е контроверзен и конзервативен американски политички коментатор, кој во 2022 беше прогласен за „трансфоб на годината“ од страна на Њу Рипаблик.[32] Филмот ги реафирмира родовите стереотипи и користи еднострана аргументација (онаа на Волш), банализирајќи ја експертизата на стручни лица, меѓу кои и доктори, кои работат за и со трансродови лица, што во основа има цел да ги дехуманизира и да ги демонизира трансродовите луѓе и нивните поддржувачи. Меѓутоа медиумите не даваат дополнителни информации за филмот, ниту пак за задднината на неговиот креатор. На овие објави реагира министерката Јована Тренчевска преку нејзиниот фејсбук-профил, која осврнувајќи се на контроверзноста на Волш, иронично велејќи дека по 53 години конечно некој ќе ја „просветли“ за тоа дали е жена. Неколку новинарски извештаи ја пренесуваат реакцијата на министерката, но и реакцијата на организаторите на проекциите на нејзината објава, во која се вели дека таа ги етикетира Мет Волш и неговиот филм, но не кажува дека не ѝ се допаѓа *зашто пластично го разобличува Вашиот предлог-закон за родова еднаквост, според*

32 Достапно на: https://newrepublic.com/article/169609/transphobe-year-matt-walsh

*кој жените можат да имаат пенис и мажите можат да раѓаат.*[33] Покрај тоа што организаторите очигледно само шпекулираат зошто на министерката не ѝ се допаѓа филмот, поврзувањето на филмот со Законот за родова еднаквост повторно е несоодветно, бидејќи проблематика на промената на родот не е регулирана со овој закон. Но ниту еден од извештаите не ги соочува аргументите на двете страни, ниту критички ги преиспитува.

На 24 мај неколку медиуми известуваат за одлуката на општината Ново Село да го отфрли терминот „родова еднаквост" од програмата за еднакви можности и да го замени со терминот „еднакви можности на жените и мажите", следејќи го неодамнешниот пример на општина Струмица. Преку наслови како **Ново Село утврди што е маж а што жена**[34] и **БРАВО: ИСФРЛЕН ТЕРМИНОТ „РОДОВА ЕДНАКВОСТ", ОПШТИНА НОВО СЕЛО УТВРДИ ШТО Е МАЖ, А ШТО ЖЕНА!**[35], во новинарските извештаи се пренесува изјавата на градоначалникот на општината дека целта е да не се дозволи граѓаните да бидат *терминолошки манипулирани.*[36] Извештаите повторно површно ја пренесуваат веста и овозможуваат ширење дезинформации, имајќи предвид дека единствената терминолошка манипулација во овој случај е направена од страна на градоначалникот, бидејќи, како што беше споменато, терминот „родова еднаквост" со години е дел од македонските политики и законодавство.

17 мај е Меѓународниот ден за борба против хомофобијата и трансфобијата и само дваесетина медиуми објавуваат новинарски извештаи поврзани со одбележувањето на денот во Собранието, како и со состојбата на ЛГБТИ+-заедницата во земјава. Само неколку медиуми пренесуваат дел од говорот во Собранието на активистката за правата на трансродовите лица - Лила Милиќ, во кој апелира за донесување на измените на Законот за матична евиденција, што ќе овозможи трансродовите лица непречено да ги користат услугите како и сите други граѓани во државата. Притоа, известувањето во

33 Достапно на: https://plusinfo.mk/ministerke-ne-ve-pla-aat-da-si-igrate-ma-tap-na-fe-sbuk-trenchevska-vo-vo-na-na-tema-shto-e-zhena-i-dali-taa-mozhe-da-ima-penis/

34 Достапно на: https://nezavisen.mk/novo-selo-utvrdi-shto-e-mazh-a-shto-zhena/

35 Достапно на: https://strumicadenes.mk/opstini/strumica/bravo-isfrlen-terminot-rodova-ednakvost-opshtina-novo-selo-utvrdi-shto-e-mazh-a-shto-zhena/

36 https://www.vecer.press/%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D0%BE-%D1%81%D0%B5%D0%BB%D0%BE-%D1%83%D1%82%D0%B2%D1%80%D0%B4%D0%B8-%D1%88%D1%82%D0%BE-%D0%B5-%D0%BC%D0%B0%D0%B6-%D0%B0-%D1%88%D1%82%D0%BE-%D0%B6%D0%B5%D0%BD%D0%B0/

медиумите е површно и не се прави корелација со актуелните настани и тие не ја користат можноста да укажат на дискриминацијата со која се соочуваат лицата од ЛГБТИ+-заедницата, ниту пак како измените на законот ќе придонесат за подобрување на нивната добросостојба.




*Извор - www.vecer.press*

На 1 јуни, во организација на МТСП, се одржува јавна расправа за Законот за родова еднаквост во Струмица, која се пренесува во само неколку новинарски извештаи, во кои се пренесува само мал дел од дебатата околу законот, исклучиво преку пренесување делови од изјавите на министерката Тренчевска и градоначалникот на Струмица Костадин Костадинов. Притоа, министерката Тренчевска укажува дека е настаната забуна со мешање на двата закона, односно дека *Законот за родова еднаквост не зборува за правно признавање на родот, туку зборува за родовите механизми што постојат на локално ниво, во Собранието, во органите на државната управа*, како и дека терминот родова еднаквост одамна е дел од македонските политики и закони. Од друга страна, градоначалникот Костадинов се осврнува на однесувањето на невладините организации, кои смета дека ги навредиле и него и општината, но и МПЦ, од кои бара извинување. Повторно, медиумите не навлегуваат во суштината на изјавите на говорниците, ниту пак ги соочуваат, туку само површно ги пренесуваат.

Неколку медиуми ја пренесуваат изјавата на министерката Тренчевска дадена на трибина на СДСМ во Кавадарци на 11 јуни, каде што, меѓу другото, вели дека *основна цел на родовата еднаквост е остварување еднакви можности на мажите и на жените, промовирање на начелото на еднакво учество на жените и на мажите во сите области од јавниот и приватниот сектор, еднаков статус и третман во остварувањето на сите права и во развојот на нивните индивидуални потенцијали, преку кои тие придонесуваат во општествениот развој, како и еднакви придобивки од резултатите произлезени од тој развој*.[37]

Објавите за протестот против двата закона, организиран од страна на МПЦ во Скопје, започнуваат на 20 јуни. Повеќе од 50 новинарски извештаи го пренесуваат повикот за протест во наредните денови, преку наслови како **ДЕЦАТА ИМААТ ТАТКО И МАЈКА, А НЕ РОДИТЕЛ 1 И РОДИТЕЛ 2 Црквата е против законот за родова еднаквост и затоа повикува на протест**,[38] што пак претставува наратив што беше актуелен во рамките на заложбите на антиродовите движења против Концепцијата за основно образование и сеопфатното сексуално образование. Употребата на овој наратив укажува на поврзување на двата закона со правото на истополови бракови, што во суштина започнува да станува доминантен наратив во следниот период, и покрај тоа што ниту еден од овие закони не го регулира тоа. Во извештаите се наведува дека МПЦ повикува *во оваа борба за достоинство, слобода и заштита на основните верски права да се придружи верниот народ, граѓанските здруженија, организации и сите поддржувачи заедно да ја заштитиме нашата вера и традиција од обидот за нејзино 'искоренување' спомнат во член 23 т.5 од предлог-законот.*[39] Членот од предлог-законот за родова еднаквост на кој се повикува во соопштението се однесува на една од надлежностите на Комисијата за родова еднаквост во Собранието, според која таа *покренува иницијативи и промовира активности за општествени и културни промени со цел искоренување на предрасудите, стереотипите, обичаите, традициите и сите други штетни практики во остварувањето*

37 Достапно на: https://zoom.mk/trenchevska-grizha-za-gra%D1%93anite-zashtita-poddrshka-vo-seko%D1%98-period-vo-zhivotot-e-prioritet-na-vladata/

38 Достапно на: https://plusinfo.mk/decata-imaat-tatko-i-ma-ka-a-ne-roditel-1-i-roditel-2-crkvata-e-protiv-zakonot-za-rodova-ednakvost-i-zatoa-povikuva-na-protest/

39 Достапно на: https://360stepeni.mk/mpts-oa-povikuva-na-protest-na-29-juni-vo-skopje-protiv-predlog-zakonite-za-matichna-evidentsija-i-rodova-ednakvost/

*на родовата еднаквост.*[40] Имајќи предвид дека сите досегашни истражувања, како и препораки на меѓународните институции, меѓу кои и последниот извештај на Комитетот за елиминација на дискриминацијата кон жените при Обединетите нации,[41] укажуваат на штетното влијание на родовите стереотипи, предрасуди и практики врз опстојувањето и нормализирањето на насилството и дискриминацијата врз жените и девојчињата во општеството, толкувањето на посочениот член од страна на МПЦ е манипулативно и воопшто не се однесува на искоренување на верата и традицијата, сѐ додека тие немаат штетни последици. Овој емотивно набиен наратив на „загрозување на верските права“, кој единствено може да се сведе на загрозување на традиционално инфериорната положба на жените, е употребен со цел да создаде чувство на колективен страв и загрозеност од „надвор“.

Десетина новинарски извештаи го пренесуваат излагањето на министерката Тренчевска на конференција во Црна Гора, каде што ја истакнува загриженоста што *социјалните мрежи во последните неколку месеци се местото на организирање на првите антиродови движења кај нас, кои се полни со говор на омраза, омаловажување, стигматизирање*,[42] наведувајќи дека нивната цел во моментот е новиот Закон за родова еднаквост.

Во неколку новинарски извештаи објавени на 21 јуни се пренесува ставот на градоначалникот на Струмица Костадинов објавен на социјалните мрежи во кој се заканува со вето и ништовност на соработката со граѓанските организации што имаат критички став кон неговата поддршка на трибините поврзани со законите за родова еднаквост и за матична евиденција, организирани од фондацијата „Елеуса“. Веќе следниот ден се објавуваат неколку извештаи со реакцијата на Платформата за родова еднаквост по повод овие изјави на градоначалникот. Во пренесеното соопштение претставничките на Платформата сметаат дека поделбата што ја прави

40 ЕНЕР. Предлог-закон за родова еднаквост. Достапно на: https://ener.gov.mk/files/propisi_files/ria1/11_1043522045%D0%9D%D0%B0%D1%86%D1%80%D1%82%20-%20%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD_%D0%9F%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%BB%D0%BE%D0%B3%20%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%20%D0%B7%D0%B0%20%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%B0%20%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B0%D0%BA%D0%B2%D0%BE%D1%81%D1%82%20_1.pdf

41 CEDAW. (2018). *Concluding observations on the sixth periodic report of the former Yugoslav Republic of Macedonia.* Достапно на: https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/15/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CEDAW%2FC%2FMKD%2FCO%2F6&Lang=en

42 Достапно на: https://utrinskivesnik.mk/trenchevska-eliminira-e-na-govorot-na-omraza-i-diskriminaci-ata-se-kluchni-vo-ostvaruva-eto-na-chovekovite-prava/

градоначалникот на граѓанските организации *создава дополнителна поларизација помеѓу граѓаните и поттикнува говор на омраза, насилство и нетолеранција*[43] и укажува на потребата од донесување на Законот за родова еднаквост заради подобрување на положбата на жените во општеството.

На 24 јуни се одржува Парадата на гордоста во Скопје, за која известуваат дваесетина медиуми. Најголем дел од медиумите во фокусот ја ставаат посетеноста на настанот од страна на различни политичари, без притоа да укажат со која цел се организира Парадата и прајд-парадите генерално. И покрај тоа што помал број медиуми ја пренесуваат веста, сепак коментарите во објавите на социјалните мрежи стануваат извор на експлицитен говор на омраза и повици за насилство кон ЛГБТИ+-популацијата, но и кон нивните поддржувачи од политиката, меѓу кои се и неколку министерки и пратенички.

На 26 јуни во само неколку новинарски извештаи е објавена одлуката на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) со која се утврдува дека епископот Јаков Стобиски има извршено дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во областа на јавното информирање и медиуми. Меѓутоа, во текот на истиот ден се објавуваат извештаи со реакцијата на епископот во однос на одлуката на КСЗД, која ја нарекува *правна шарада* и *тоталитаристичка одлука,* која ја поврзува со Законот за родова еднаквост, тврдејќи дека нема да се извини за своите постапки дури и по цена да заврши на суд.[44] И покрај тоа што КСЗД дава препорака епископот да се воздржува од јавни настапи во кои ќе говори за родовиот идентитет, сепак во деновите што следуваат се објавуваат многубројни новинарски извештаи со негови изјави од јавни настапи и интервјуа, кои овозможуваат промоција на неговиот „хероизам“ да не се повлече од своите ставови, без да се преиспитаат овие негови постапки во согласност со законот.

Бројот на новинарските извештаи (повеќе од 100) за протестот се зголемуваат непосредно неколку дена пред неговото одржување. Во новинарските извештаи со наслови како **Г.г. Стефан: Имаме света должност да го продолжиме**

43 Достапно на: https://mkd.mk/node/518892

44 Достапно на: https://plusinfo.mk/nema-da-se-izvinam-i-nema-da-zamolcham-podgotven-sum-za-svoite-stavovi-da-odam-na-sud-episkop-akov-vrati-na-komisi-ata-za-sprechuva-e-diskriminaci-a/

**она што сме го примиле и наследиле од предците**[45] се пренесува видеопораката од поглаварот на МПЦ г.г. Стефан со повик за протестот под мотото „Имаме должност", објавена на 26 јуни, во која се вели дека *во предложените закони се упати на низа спорни елементи од страна на стручни лица, експерти и граѓани, но тие не се земаат предвид* и дека *законите се обидуваат да се донесат што побрзо и нетранспарентно, на штета на граѓаните, а особено на жените и децата*. Притоа, повторно некритички се пренесува изјавата, од една страна не преиспитувајќи ја експертизата со која црквата располага за овие прашања, и од друга, не земајќи го предвид фактот дека за изработка на двата закона се формирани работни групи сочинети од претставници/чки од сите релевантни институции, организации и експерти од соодветната проблематика во земјава, од различни политички партии, кои работат на новите законски решенија повеќе од две години. Преку едностраното и некритичко пренесување на изјавите на поглаварот, кој зборува од позиција на моќ, медиумите оставаат простор неговите ставови да бидат безусловно прифатени од публиката, без притоа да се утврди која е штетата што ќе ја предизвика носењето на законите.

Дополнително, следниот ден се одржува прес-конференција на Синодот на МПЦ за протестот, водена од епископот Јаков, кој изјавува дека со овие закони *чувствуваме дека се врши насилство врз волјата на народот*. На конференцијата се изнесени клучните точки од законите што ѝ пречат на Црквата, односно измените на Законот за матична евиденција со кои се дозволува менување на полот со изјава на нотар, која би се базирала на субјективни и индивидуални чувства на поединецот, како и ограничувањето на слободата на говорот, која според Црквата се предвидува преку членот за родово-сензитивниот јазик. Според новиот предлог-закон, употребата на родово-сензитивен јазик подразбира *остварување на родовата еднаквост во пишаниот и говорниот јазик што се достигнува кога жените и мажите и оние што не потпаѓаат под бинарниот родов систем стануваат видливи и опфатени со јазикот како луѓе со еднакви вредности, достоинство, интегритет и почит*[46] и претставува една од општите мерки за постигнување

45 Достапно на: https://novamakedonija.com.mk/makedonija/g-g-stefan-imame-sveta-dolzhnost-da-go-prodolzhime-ona-shto-sme-go-primile-i-nasledile-od-predcite/

46 ЕНЕР. Предлог-закон за родова еднаквост. Достапно на: https://ener.gov.mk/files/propisi_files/ria1/11_1043522045%D0%9D%D0%B0%D1%86%D1%80%D1%82%20-%20%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD_%D0%9F%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%BB%D0%BE%D0%B3%20%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%20%D0%B7%D0%B0%20%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%B0%20%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B0%D0%BA%D0%B2%D0%BE%D1%81%D1%82%20_1.pdf

родова еднаквост. Меѓутоа, Црквата дава неточно толкување на овој член, бидејќи според текстот на законот оваа мерка има единствена цел да обезбеди инклузивност на одредени исклучени групи од општеството, преку употреба на јазик што одговара на родот со кој се идентификува одредено лице, но и да ја охрабри употребата на (најчесто) феминативи во пишаниот и говорниот јазик, имајќи предвид дека тие веќе се дел од македонскиот јазик. Најголем дел од насловите користат сензационалистички изјави од конференцијата, како **Јаков Стобиски: Законите се чудовишен конструкт, отвораат можност секој ден да излегуваат разноразни родови, а невладините се платеници**[47] и **Епископот Јаков: Црквата не ќе може да проповеда вера ако се донесат законите за родова еднаквост и матична евиденција.**[48] Епископот од една страна сее омраза и нетолеранција кон невладините организации, притоа не земајќи предвид дека едни од најголемите поддржувачи на протестот се токму невладини организации, и ја повторува манипулативната изјава за загрозување на верската проповед со новите законски решенија. Притоа епископот изјавува дека *ние не сме против никого, особено не против остварувањето нечии права. Протестираме за тоа што е спорно во законите, сметаме дека сериозна реализација можеби ќе придонесе за поголемо остварување на нечии права, поединци, но тоа сериозно би ги загрозило правата на мнозинствата, или 99 проценти од населението во Македонија.*[49] Во новинарските извештаи повторно не се дава осврт на вистинитоста на информациите што се пренесуваат, бидејќи оваа изјава на епископот е манипулативна и заснована на невистини од неколку аспекти. Најпрвин, кога би се работело за родовата еднаквост, законот би придонел за унапредување на сите институционални механизми за подобрување на правата (пред сè) на жените во општеството, кои, според последниот попис во земјата, сочинуваат повеќе од 50% од популацијата, додека пак со Законот за матична евиденција ќе им се овозможи на трансродовите лица да ги остваруваат основните права, како пристап до здравствените услуги. Дополнително, епископот манипулира преку преувеличување бројот на верниците во земјата.

47 Достапно на: https://telma.com.mk/2023/06/27/jakov-stobiski-zakonite-se-chudovishen-konstrukt-otvoraat-mozhnost-sekoj-den-da-izleguvaat-raznorazni-rodovi-a-nevladinite-se-platenici/

48 Достапно на: https://republika.mk/vesti/makedonija/episkopot-jakov-tsrkvata-ne-ke-mozhe-da-propoveda-vera-ako-se-donesat-zakonite-za-rodova-ednakvost-i-matichna-evidentsija/

49 Достапно на: https://360stepeni.mk/video-mpts-oa-spornite-predlog-zakoni-ovozmozhuvaat-prava-na-odredeni-litsa-no-ke-gi-zagrozat-na-99-otsto-drugi/

Истовремено неколку новинарски извештаи го пренесуваат соопштението на извршниот одбор на СДСМ за одлуката дека е потребна поширока јавна дебата за законите, што повторно претставува само површно известување, без давање подетален осврт.

На 28 јуни десетина новинарски извештаи ја пренесуваат реакцијата на Платформата за родова еднаквост и Мрежата за заштита од дискриминација според кои МПЦ користи неточни статистички податоци за бројот на верниците во државата и *манипулира со тврдења дека предлог-законите продолжувале во скратена форма за сите собраниски филтри*, односно дека *вистината е дека Законот за матична евиденција е во редовна постапка, а оној за родова еднаквост воопшто не е во собраниска процедура*.[50] Соопштението укажува на *мешањето на Црквата во овие предлог-законски решенија како директен упад во секуларноста на државата и непочитување на Уставот,* што медиумите не го опфаќаат во текот на овој период, иако претставува една од основите на општествениот поредок во земјата. Во медиумското известување повторно не се дава дополнителен осврт на информациите во соопштението и наместо медиумите да бидат оние што ја креираат медиумската агенда, известувањето го базираат на реакции и површни информации.

Во неколку новинарски извештаи е објавен и одговорот на новинарско прашање во врска со изградбата на 20-катниците кај „Холидеј ин", во кој епископот вели дека не е тема на прес-конференцијата, односно дека станува збор за небитна тема и дефокусирање од *заканата што ни претстои*.[51]

Во овој период се објавуваат новинарски извештаи што пренесуваат изјави на неколку свештени лица и други поддржувачи на протестот. Така на пример, објавени се повеќе извештаи со насловите **Владиката Давид предупредува: Пратениците што ќе кренат рака „за" може да бидат лишени од крштевки, венчавки, погреби и богослужби**[52] и **Црквата може да им фрли**

50 Достапно на: https://meta.mk/reakcii-i-osuda-na-povikot-za-protest-na-mpc/

51 Достапно на: https://utrinskivesnik.mk/video-za-mpc-nebitna-tema-i-defokus-se-prasha-ata-za-izgradbata-na-20-katnicite-ka-holide-in/

52 Достапно на: https://a1on.mk/macedonia/vladikata-david-prerupreduva-pratenicite-koi-kje-krenat-raka-za-mozhe-da-bidat-lisheni-od-krshtevki-venchavki-pogrebi-i-bogosluzhbi/

**анатема на пратениците што ќе гласаат за спорниот закон, се закани владика**[53], во кои владиката Давид предлага пратениците што ќе гласаат „за" Законот за родова еднаквост (кој го нарекува и закон за дехуманизација) да бидат исклучени од црковната заедница, односно лишени од крштевки, венчавки, погреби и други богослужби. Тој тврди дека законот ќе дозволи една *минорна трансродова група на тоталитаристички начин да му го наметнува својот стил на постоење на севкупното општество*[54], при што во извештаите не се споменува фактот дека владиката очигледно зборува за друг(иот) закон. Дополнително, неколку извештаи пренесуваат изјава на отец Пимен во која вели - **Отец Пимен: Отвораш невладина и добиваш право на црквата да ѝ одредуваш место на маргините на општеството.**[55] Се објавуваат и неколку новинарски извештаи со изјави на презвитерот Ивица со наслови **Ако помине овој Закон за родова еднаквост, следно е истополови бракови, посвојување деца, па легализација на педофилија!**[56] Со оваа низа на новинарски извештаи медиумите отвораат простор за сеење страв од лице на позиција на моќ, што претставува пропагандна техника за покажување надмоќ кај јавноста, што придонесува за зацврстување на ставовите што ги застапува тој центар на моќ. Наместо да го спречат ширењето нетрпеливост и говор на омраза кон одредени групи, медиумите стануваат инструмент за ширење закани, страв и омраза кон одредени групи во општеството.

Ден пред протестот Хелсиншкиот комитет за човекови права и уште неколку граѓански организации објавуваат апел за безбедност на ЛГБТИ+-заедницата на денот на протестот на МПЦ, како резултат на зголемениот број пријави на инциденти и вербални напади и закани во последните денови.[57]

На денот на протестот неколку медиуми, покрај следење на протестот, објавуваат и изјави на министерката Тренчевска, која повторно укажува дека е настаната забуна со мешање на двата закона и според која *протестот*

53 Достапно на: https://www.slobodenpecat.mk/crkvata-mozhe-da-im-frli-anatema-na-pratenicite-koi-kje-glasaat-za-spornite-zakoni-se-zakani-vladika/

54 Достапно на: https://www.slobodenpecat.mk/crkvata-mozhe-da-im-frli-anatema-na-pratenicite-koi-kje-glasaat-za-spornite-zakoni-se-zakani-vladika/

55 Достапно на: https://maktel.mk/slider/%D0%BE%D1%82%D0%B5%D1%86-%D0%BF%D0%B8%D0%BC%D0%B5%D0%BD-%D0%BE%D1%82%D0%B2%D0%BE%D1%80%D0%B0%D1%88-%D0%BD%D0%B5%D0%B2%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0-%D0%B8-%D0%B4%D0%BE%D0%B1%D0%B8%D0%B2%D0%B0-2/

56 Достапно на: https://shilomagazine.com.au/2023/06/28/otec-ivica-ako-pomine-ovoj-zakon-za-rodova-ednakvost-sledno-e-istopolovi-brakovi-posvojuvanje-deca-pa-legalizacija-na-pedofilija/

57 Достапно на: https://fokus.mk/helsinshki-lgbti-lugeto-da-bidat-pomalku-vidlivi-za-vreme-na-protestot-na-mpts/

*е легитимно право на секој, но легитимно право е и да биде кажана вистината за двата закони, и за дефинициите и за механизмите.*[58] Во овие извештаи министерката ги повторува аргументите во однос на двата закона, односно дека Законот за матична евиденција го третира родовиот идентитет, преку можноста на трансродовите лица да ја сменат ознаката во матичниот број онаму каде што се обележува родот, додека Законот за родова еднаквост се фокусира на унапредување на положбата на жените во општеството, нагласувајќи дека со законот не се третираат истополовите бракови.

Најголем дел од анализираните извештаи е објавен на 29 јуни, односно денот на протестот организиран од страна на МПЦ, од кои речиси 300 пренесуваат информации за самиот протест. Во насловите се употребуваат различни делови од говорот на поглаварот на МПЦ: **Поглаварот на МПЦ-ОА г.г. Стефан - Жените не сакаат лажна еднаквост и лажни права**[59], **ДА ГИ ОДБРАНИМЕ ДЕЦАТА ОД БЕЗБОЖНИТЕ ПРОПАГАНДИ! Поглаварот г.г. Стефан од собирот против законите за родова еднаквост**[60], **Да престане унакажувањето на образовниот систем со родова идеологија и сексуализација на нашите најмлади, порача Г.Г. Стефан**[61], **МПЦ е против Истанбулската конвенција, ја загрозувала жената, рече г.г. Стефан**[62]. Новинарските извештаи се фокусирани пред сѐ на пренесување на говорот на поглаварот, а дел и на говорот на академик Катица Ќулавкова, според која законот ги загрозува правата на жените и суштински се фокусира на правата на трансродовите индивидуи.[63] Притоа, во извештаите не е прибележана контрадикторноста на тезите изнесени на протестот со експертизата со која располага црквата, што е особено симболично од фотографиите објавени во самите извештаи, каде што е впечатлив фактот дека на бината од која зборуваат говорниците има 15 мажи – свештени лица и само една жена. Во пренесениот говор на г.г. Стефан тој вели дека *овие закони се дел од нова идеолошка пропаганда, со која*

58 Достапно на: https://libertas.mk/trenchevska-zakonot-za-rodova-ednakvost-ne-tretira-menuva-eto-na-polnitu-gi-tretira-istopolovite-brakovi/

59 Достапно на: https://www.slobodnaevropa.mk/a/poglavarot-na-mpc--oa-g-g-stefan---zhenite-ne-sakaat-lazhna-ednakvost-i-lazhni-prava/32482611.html

60 Достапно на: https://plusinfo.mk/da-gi-odbranime-decata-od-bezbozhnite-propagandi-poglavarot-g-g-stefan-od-sobirot-protiv-zakonite-za-rodova-ednakvost/

61 Достапно на: https://lokalno.mk/da-prestane-unakazhuvanjeto-na-obrazovniot-sistem-so-rodova-ideologija-i-seksualizacija-na-nashite-najmladi-poracha-g-g-stefan/

62 Достапно на: https://nezavisen.mk/mpc-e-protiv-istanbulskata-konvencija-ja-zagrozuvala-zhenata-reche-g-g-stefan/

63 Достапно на: https://novamakedonija.com.mk/makedonija/kjulavkova-zakonot-ne-e-fokusiran-na-zhenite-se-meshaat-poimite-pol-i-rod/

*се подметнува поимот „род“*,[64] што е неточно, имајќи ја предвид историската застапеност на овој термин во македонското законодавство и политики. Во понатамошниот говор се пренесува дека *со векови во својот поглед кон жената Црквата стои со свештен трепет кон жената, која во кревките раце го држи семоќниот бог. Пред таа сила трепераат и ангелите и луѓето. Таа на своите гради го храни оној што дава храна на сите. Жената мајка ја дава надежта на светот, љубовта. Жената е икона на љубовта. Велат дека ќе ја ослободат жената од стегите на црквата, а ја сведуваат на поткатегорија, изедначувајќи ја со мажи кои никогаш нема да бидат жени во вистинска смисла на зборот*.[65] Овој цитат го потврдува патријархалното категоризирање на родовите улоги преку кои жената се сведува исклучиво на улогата на мајка, односно на нејзината биолошка функција да раѓа, што ги исклучува жените што не можат или не сакаат да имаат деца. Дополнително, покрај тоа што е невистинита, последниот дел од изјавата изобилува со трансфобија, преку сеење чувство на загрозеност на „вистинските“ жени од страна на трансродовите жени, односно изедначувајќи ги со „невистински“ жени.

Во текот на денот на протестот и наредните денови се објавуваат новинарски извештаи што ја пренесуваат поддршката на протестот од страна на ИВЗ, претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, претседателот на ВМРО-НП и други. Еден медиум објавува извештај што прикажува и видеоанкета на учесниците на протестот од која може да се увиди дека учесниците ги поврзуваат овие два закона со правото на истополови бракови,[66] што воопшто не е предмет на предложените измени и единствено служи за поттикнување омраза и нетрпеливост кон ЛГБТИ+-популацијата.

На 30 јуни повеќе медиуми пренесуваат извадоци од интервјуто на претседателот Стево Пендаровски во кои тој ја изразува својата загриженост по протестот на МПЦ, односно дека според него е *чудно што црквата првпат повикува на протест по тој повод, мислам дека имавме многу потешки дилеми со кои се соочија црквата и државата*. Притоа Пендаровски

64 Достапно на: https://plusinfo.mk/da-gi-odbranime-decata-od-bezbozhnite-propagandi-poglavarot-g-g-stefan-od-sobirot-protiv-zakonite-za-rodova-ednakvost/

65 Достапно на: https://nezavisen.mk/mpc-e-protiv-istanbulskata-konvencija-ja-zagrozuvala-zhenata-reche-g-g-stefan/

66 Достапно на: https://www.slobodenpecat.mk/video-kje-dojdat-psihichki-nezdravi-generacii-anketa-megju-uchesnicite-na-protestniot-sobir-na-mpc-oa/

тврди дека *протестот е беспредметен бидејќи Владата ги повлече од процедура двата закони против кои се протестира – за родова еднаквост и за матичната евиденција и побара поширока општествена дебата*.[67] Меѓутоа, главниот наратив што сите медиуми го ставаат во фокусот на извештаите е информацијата дека високи лица од МПЦ соработуваат со руски служби, за што претседателот вели *се базирам на извештаите на органите што се бават со таа работа. Не само на Агенцијата за разузнавање, членка сме на НАТО, од 30 други земји, од 30 други служби добивам информации бидејќи сме дел од тој заеднички систем за споделување на информации од разузнавачки и безбедносен карактер*. Меѓутоа, медиумите, преку површно и сензационалистичко известување, повторно пропуштаат да ја направат релацијата на добиените информации со тековните настани и како тие може да влијаат да се создаде одреден штетен наратив.

На 7 јули повеќе од дваесет медиуми го пренесуваат писмото на комесарката за човекови права на Советот на Европа, Дуња Мијатовиќ, до македонскиот парламент, во кое таа ги охрабрува тековните напори за усвојување на законската рамка во однос на правното признавање на родот во согласност со стандардите на Советот на Европа, пред сѐ преку усвојувањето на амандманите на Законот за матична евиденција, како суштински чекор во извршувањето на пресудата на Европскиот суд за човекови права. Меѓутоа, како и во другите новинарски извештаи, објавата е пренесена сувопарно, преку цитирање на писмото, и не е проследена со дополнително објаснување, а некои од медиумите веста ја пренесуваат со употреба на сензационалистички наслови, како **ЛГБТ-ЗАЕДНИЦАТА ЌЕ ДОБИЕ ПОВЕЌЕ ПРАВА ВО МАКЕДОНИЈА!? Мијатовиќ бара од Талат Џафери признавање на трансродовите лица!**[68] Истиот ден неколку медиуми го пренесуваат телевизиското интервју на министерката Тренчевска во кое таа, меѓу другото, зборува за антиродовите движења велејќи дека *сето она што беше лиферувано во јавноста беше невистина, манипулација и незнаење, но во никој случај не беше суштината на процесите на двата закона, особено за родова еднаквост*, како и дека

67 Достапно на: https://nezavisen.mk/pendarovski-imame-informacii-deka-lugje-od-mpc-biznis-zaednicata-i-partiite-sorabotuvaat-so-ruski-sluzhbi/

68 Достапно на: https://vocentar.com/%D0%BB%D0%B3%D0%B1%D1%82-%D0%B7%D0%B0%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D1%9C%D0%B5-%D0%B4%D0%BE%D0%B1%D0%B8%D0%B5-%D0%BF%D0%BE%D0%B2%D0%B5%D1%9C%D0%B5-%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B0/

*нашата држава, и тоа не само во рамките на регионот, беше препознаена како земја лидер, која многу направи за родовата еднаквост*.[69]

Во рамките на анализираниот период се појавуваат и новинарски извештаи што не се однесуваат на националниот контекст, меѓутоа го промовираат антиродовиот наратив. Па така, десетина медиуми објавуваат извештаи за новиот закон во Русија со кој се забрануваат операции за „промена на полот“, при што лицата со различен родов идентитет повеќе не можат да подлежат на хируршки зафати или да им се пропишуваат хормони, пренесувајќи ја веста преку наслови како **Путин ги забрани операциите за промена на полот: „Децата се тренираат дека има повеќе полови“**.[70] Во рамките на извештаите се цитираат изјави на Путин во кои тој вели дека на овој начин се спречува *перверзии што водат до дегенерација и изумирање да им се наметнуваат на децата во нашите училишта уште од најраните одделенија.*

Значително мал дел од новинарските извештаи ги разгледуваат двата спротивставени наративи и критички ѝ пристапуваат на проблематиката.[71] Најголем дел од извештаите се сведува на сувопарно пренесување изјави и соопштенија, најчесто вклучувајќи само една од засегнатите страни. Меѓутоа, дури и извештаите што вклучуваат изјави на спротивставените страни не даваат нивен критички осврт, ниту пак навлегуваат подлабоко во нивната содржина и воопшто не ја преиспитуваат релевантноста на експертизата на одредени лица за прашањата што ги обработуваат. Притоа, новинарите фокусот го ставаат на вести од кои може да се репродуцираат сензационалистички наслови.

69 Достапно на: https://kurir.mk/makedonija/vesti/trenchevska-za-tv24-nashata-drzhava-beshe-prepoznaena-kako-zemja-lider-koja-mnogu-napravi-za-rodovata-ednakvost/

70 Достапно на: https://makfax.com.mk/svet/%D0%BF%D1%83%D1%82%D0%B8%D0%BD-%D0%B3%D0%B8-%D0%B7%D0%B0%D0%B1%D1%80%D0%B0%D0%BD%D0%B8-%D0%BE%D0%BF%D0%B5%D1%80%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%B7%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%BC%D0%B5%D0%BD/

71 Види повеќе на: https://www.slobodnaevropa.mk/a/crkvata-protestira-vlasta-veli-samo-se-debatira-shto-e-sporno-vo-zakonite-za-rod-/32478030.html, https://www.slobodnaevropa.mk/a/oznaka-na-pol-mozhe-da-se-smeni-i-bez-noviot-zakon/32483696.html, https://www.slobodnaevropa.mk/a/poglavarot-na-mpc--oa-g-g-stefan---zhenite-ne-sakaat-lazhna-ednakvost-i-lazhni-prava/32482611.html, https://360stepeni.mk/video-mpts-oa-kako-za-nishto-dosega-se-mobilizira-za-protest-protiv-predlog-zakonite-za-rodova-ednakvost-i-za-matichna-evidentsija/




*Извор - Гласот на Америка*

Со цел да се направи подлабок увид во наративот што произлегува од објавените новинарски извештаи, во рамките на оваа студија беа анализирани повеќе од 7.000 коментари на нивните објави на социјалната мрежа Фејсбук. Анализата на коментарите укажува на постоење на загрижувачки степен говор на омраза насочен кон ЛГБТИ+-популацијата, прикажан преку многубројни навредливи коментари во кои тие се нарекуваат *сатанисти, изроди, ненормални, патологија, болест, извитоперени*, *грешка на природата, неморални* итн. Дополнително, голем дел од коментаторите повикуваат на насилство врз ЛГБТИ+-популацијата, преку нејзино истребување, употреба на гасни комори, кастрација, а во неколку наврати има и глорификација на Хитлер. Она што е значајно за контекстот на оваа анализа е што речиси сите коментари се насочени кон ЛГБТИ+-популацијата, со фокус на „стравот" од легализација на истополовите бракови, при што за концептот на родова еднаквост, а со тоа и за суштината на законот, воопшто не се дискутира. Во коментарите најчесто се користи наратив „ние-нормалните" наспроти „другите-ненормални", во чии рамки другиот се демонизира и се претставува како некој што ги напаѓа „нивните" и „вистинските" вредности. Притоа, вредностите на другиот често се прикажани како наметнати од Западот и од Европа, односно ЕУ, и на кои се гледа како *зло* чија цел е *уништување на традиционалното семејство*. Голем

дел од овие коментари се забележуваат на новинарските извештаи поврзани со Парадата на гордоста, дополнети со коментари како *парада на срамот*, *на што сте горди?*, *каква гордост е тоа?*. Во дел од коментарите може да се забележи и промовирање теории на заговор, како и поистоветување на ЛГБТИ+-популацијата со педофилијата.













Објавите на новинарските извештаи што ги пренесуваат изјавите на министерката Тренчевска се едни од најчесто таргетираните за продуцирање коментари со говор на омраза и родови дезинформации, насочени кон министерката. Притоа, голем дел коментари содржат експлицитни навреди кон личноста, изгледот, квалификациите на министерката, шпекулации за сексуалната ориентација на министерката употребени во контекст на навреда, како и коментари со сексуална конотација, кои повикуваат на сексуално насилство.

[redacted]
И упорно, упорно се тера нечија агенда!! Со сила ненормалното не може да стане нормално. Дали воопшто го слушаат гласот на народот??
Like Reply 10w Edited 3

[redacted]
TI DOJDE DA NI KAZES, ODI SOKRIJ SE. BRUKA SI
Like Reply 10w 2

[redacted]
Ништо не расчистува оваа пајакова агенда😤🤬
Ова фарсично извртено и нецелосно претставување е срам пред се'
Like Reply 10w 4

Top fan
[redacted]
Женава е за во Бардовци, а не за министерска фотеља!

[redacted]
Ovaja svina treba dase razapne na kolec srede skople i cela nejzina familija posto je stetna za nasata nacija taja treba dase operira da nema ni maski ni zenski organ taja je od gospot progoneta

[redacted]
Како е грда и не личи на жена
Like Reply 15w

[redacted]
Очигледно е дека министерката е во заблуда мослела дека има мозок а немала.
Like Reply 15w

Top fan
[redacted]
Викаш дека знаеш што си? Јас верувам дека не што не знаеш туку и си тотално неписмена и неедуцирана личност поставена како политичќи пиун кој е изгубен во времето и просторот ете за жал тоа си ти во кратќи црти 😮
Like Reply 15w
↳ 7 Replies

Меѓутоа, новинарските извештаи поврзани со министерката Тренчевска не се единствените што отвораат простор за продуцирање и ширење родови дезинформации и говор на омраза. Неколку политичарки чии ставови се пренесуваат преку новинарските извештаи, а кои изразуваат јавна поддршка за законите преку објавување лични и партиски ставови, учество во јавни дискусии итн., станууваат предмет на овие негативни наративи. Така, на пример, за пратеничките Маја Морачанин, Санела Шкријељ, Снежана Калеска-Ванчева, се користат навредливи зборови како *сатанисти, пореметени, болни, вештерки*.

Top fan
[redacted]
Vie ste bolna u mozokot
Like Reply 11w

[redacted]
Кретенка со бандерола
Like Reply 11w

[redacted]
Слуги на сатаната сте 27
Like Reply 11w

[redacted]
Бетер сте од вештерки
Like Reply 11w 21

[redacted]
Не може да им служите на двајца господари. Или ќе бидете послушни на Божјиот збор или ќе ја барате,, својата праведност,,. Прости им Татко, не знаат што прават
8
Like Reply 11w

Top fan
[redacted]
Дали мислиш што зборуваш .
9
Like Reply 11w

[redacted]
Za pusto kradenje i sotonata ke go glasste
18
Like Reply 11w

[redacted]
И на Бога и на мамона не се служи во исто време.
14
Like Reply 11w

[redacted]
Родова еднаквист е ако жените ,мајките користат 2 години боледување и бесплатна државна градинка за своите деца😤
10
Like Reply 11w

[redacted]
Не вештерки вампирки сте
3
Like Reply 11w

[redacted]
Kozo Edna ni sram ni Namus [redacted] sortata oporemetena
Like Reply 12w

[redacted]
Bolesni I gnasni satanisti
Like Reply 12w

[redacted]
marsssss...
Like Reply 11w

[redacted]
Vo boles nema ednakvost

[redacted]
Degen ne e covek
Like Reply 11w

[redacted]
Bruka so zabegani stavovi od Edna intelektualka
Like Reply 11w

[redacted]



Like Reply 11w

[redacted]
Смрдла .
Like Reply 11w

[redacted]
Sutracka
Like Reply 11w

Дополнително, предмет на навреди и говор на омраза стануваат и објавите што го пренесуваат писмото на комесарката Мијатовиќ, каде што во фокусот е наративот на *наметнати ЕУ-вредности*. Предмет на многубројни навредливи коментари стануваат и две академски професорки што го критикуваат ставот на МПЦ.

[redacted]
Evropski vrednosti."Izopacenost na umot" i treba da sedime na ista masa.
Like Reply 10w

[redacted]
Kozo Edna ni sram ni Namus [redacted] sortata oporemetena
Like Reply 12w

[redacted]
Bolesni I gnasni satanisti
Like Reply 12w

[redacted]
marssssss...
Like Reply 11w

[redacted]
Vo boles nema ednakvost

[redacted]
Укинувањето на традиционалното, природното семејство, на природните улоги на мажот и жената е основна вредност на ЕУ. Основната причина за постоењето на ЕУ требаше да биде обезбедување на мир и благосостојба, ама од тоа нема ништо, остана само уништувањето на се што е од Бога дадено. Народот треба да се реши, на две столице не може да се седи.
17
Like Reply 12w

Дел од негативните коментари е насочен и кон одредени граѓански организации, па така, на пример, апелот за безбедност на ЛГБТИ+-заедницата за време на протестот е проследен со многубројни негативни коментари. Меѓутоа, и граѓанските активистки стануваат директен предмет на говор на омраза. На новинарски извештај што го пренесува гостувањето на една граѓанска активистка во телевизиска емисија каде што се дискутира за законите и за потребата од нив и за тоа што (не) вклучуваат тие, забележани се повеќе од 500 коментари, од кои речиси сите со негативна содржина, односно коментари со говор на омраза, повикување на насилство и навреди










Содржината на коментарите што се насочени кон жените во јавната сфера што го поддржуваат донесувањето на законите, што всушност е изедначено со поддршка на ЛГБТИ+-популацијата, се засновува на родовите стереотипи и предрасуди и култура на родово-базирано насилство. Притоа, не се зема предвид нивната експертиза за областа, ниту пак се расправа за суштината на нивните изјави, единствено се пристапува кон одбрана на „нашиот" систем на вредности и осуда и навреди за сè што е поинакво од тоа. Дополнително, и покрај тоа што не беа предмет на анализа во рамките на оваа студија, од особена важност е да се спомене дека добар дел од споменатите жени се жртви на говор на омраза и закани што се видливи од нивните лични профили на социјалните медиуми. Она што воедно треба да се земе предвид е што голем дел од овие коментари сè уште се видливи за јавноста.

# Завршна дискусија

Како и во досегашните две анализи на родово-базирани содржини, може да увидиме дека **употребата на сензационалистички јазик, особено во насловите на новинарските извештаи**, повторно е значително присутна. Имајќи предвид дека публиката на социјалните медиуми многу често ги засновува своите коментари токму на насловите, а дел воопшто и не го чита новинарскиот извештај, сензационализмот во насловите може да влијае на површно донесување заклучоци од страна на читателите.

Кога станува збор за дезинформациите, од анализата можеме да увидиме дека **медиумите не се придржуваат до насоките за етичко известување на онлајн-медиумите**. Имајќи предвид дека најголем дел од извештаите се сведуваат на сувопарно пренесување изјави и соопштенија, најчесто вклучувајќи само една од спротивставените страни, медиумите се сведуваат само на пренесувачи на „сервирани факти“. Во новинарските извештаи не се навлегува подлабоко во содржината на пренесените изјави, не се дава ниven критички осврт, односно очигледно е дека **не се прави проверка на тврдењата што се пренесуваат**. На овој начин, **медиумите не ѝ овозможуваат на публиката да прави разлика меѓу фактите и дезинформациите**. Дополнително, во новинарските извештаи воопшто **не се преиспитува релевантноста на експертизата** на одредени лица за прашањата што ги обработуваат. Оттука, имаме мажи-свештени лица што пласираат лаги и неосновани аргументи за значењето на родовата еднаквост и правата на жените и несоодветно и селективно толкување закони, без притоа да се укаже на нивото на експертизата во оваа област.

Токму анализата на медиумскиот простор што им е даден на двете страни укажува на **несразмерно широка застапеност на антиродовите наративи во новинарските извештаи**, пред сè преку известување за пораките и активностите на МПЦ и разни свештени лица, преку кои се пласираат многубројни дезинформации. На овој начин, медиумите директно придонесуваат за зајакнување на овие наративи што се базираат на регресивни патријархални сфаќања и родови стереотипи. Преку зајакнување на родовите стереотипи во онлајн-просторот директно се влијае на

зајакнување на мизогините ставови за улогата на жената во јавната сфера, со што се придонесува за родова нееднаквост во општеството.

Со отстапувањето медиумски простор за ширење дезинформации **медиумите придонесуваат и за ширење на говорот на омраза и родово-базирано насилство**. Наместо да создаваат содржини со коишто ќе им се спротивставуваат на говорот на омраза и на дискриминацијата по различни основи, медиумите создаваат плодна почва за поттикнување омраза или нетрпеливост, меѓу другото и врз основа на полот, родот, сексуалната ориентација и родовиот идентитет. Анализата на содржините укажува на ниската општествената свест на пошироката популација за овие прашања, како и на сè уште длабоко вкоренетите патријархални ставови. Она што е особено загрижувачко е **алармантно високата бројка на коментари со говор на омраза кон ЛГБТИ+-заедницата, како и повиците за експлицитно насилство кон оваа популација**.

Преку отстапување простор за ширење родови дезинформации, **медиумите придонесуваат за дехуманизација и демонизација, како и за директни вербални напади и закани кон поддржувачите на родовата еднаквост и ЛГБТИ+-заедницата, од кои најголем дел се жени**. Како резултат на родовите дезинформации, во коментарите на социјалните мрежи се користат наративи што се базираат на родовите стереотипи и ги перпетуираат, ги сексуализираат жените и повикуваат на сексуално насилство. Овие содржини може да имаат сериозни негативни последици врз женското присуство во јавната сфера, што е и една од целите на антиродовите движења.

Со оглед на тоа дека оваа анализа се подготвуваше неколку месеци по случувањата што беа предмет на проучување, а притоа беа анализирани повеќе од 7.000 коментари на новинарските извештаи, може да увидиме дека голем дел од **медиумите немаат политика на регулирање на содржините на коментарите на нивните објави, преку прикривање или бришење содржини со родови дезинформации, говор на омраза, навреди и други штетни содржини**. Имајќи предвид дека ширењето родови дезинформации главно се одвива преку социјалните медиуми, со отсуството на регулација медиумите придонесуваат за ширење на овие содржини и овозможуваат мобилизирање на јавноста за поддршка и дополнително креирање нови содржини.

# Заклучни согледувања

Од спроведената анализа на родово-базираните содржини и наведените аргументи во завршната дискусија, може да изведеме неколку клучни согледувања во однос на родовите дезинформации во медиумскиот онлајн-простор:

- со оглед на честата употреба на сензационалистички јазик во насловите на новинарските извештаи, новинарите/ките мора да бидат внимателни во формулирањето на насловите, особено кога станува збор за сензитивна проблематика, бидејќи тоа може да влијае на површно донесување заклучоци од страна на публиката;
- медиумите не се придржуваат до насоките за етичко известување на онлајн-медиумите, односно не се прави проверка на тврдењата што се пренесуваат, не се прави критички осврт на пренесените изјави, ниту пак се преиспитува релевантноста на експертизата. На овој начин медиумите не ѝ овозможуваат на публиката да направи разлика меѓу фактите и дезинформациите. Оттука, потребно е медиумите да се придржуваат до насоките за етичко известување, преку проверка на информациите, вклучување дополнителни информации за тврдењата што ги пренесуваат, посочување на дезинформациите, како и прикажување информации за компетентноста на изјавителите за одредена проблематика. Медиумите треба да ги поттикнуваат истражувачкото новинарство и известувањето базирано на докази;
- медиумите овозможуваат несразмерно широка застапеност на антиродовите наративи во медиумскиот простор, со што придонесуваат за пласирање и ширење дезинформации. Преку зајакнување на овие наративи во онлајн-просторот директно се влијае на зајакнување на родовите стереотипи и мизогините ставови за улогата на жената во јавната сфера, со што се придонесува за родова нееднаквост во општеството. Медиумите мора да водат сметка за просторот што им го овозможуваат на наративите што се базираат на

дезинформации, преку спроведување внатрешна проверка на фактите што се пласираат, како и да работат на доближување на сигурни извори на информации до публиката преку новинарските извештаи;

- анализата укажува на сè уште силното влијание на родовите стереотипи во секојдневната онлајн-комуникација, на кое треба да му се посвети внимание преку креирање и споделување содржини што ќе го промовираат принципот на родова еднаквост и придобивките од развивањето родово-рамноправно општество;
- потребно е медиумите да креираат содржини со кои ќе ѝ помогнат на публиката самата да ги препознае дезинформациите во медиумскиот простор, нејзино информирање за самиот феномен на креирање и ширење дезинформации и штетноста што ја предизвикуваат;
- покрај родовите дезинформации, медиумите придонесуваат за ширење на говорот на омраза и родово-базирано насилство. Во овој контекст, потребно е медиумите да се насочат кон создавање содржини со кои ќе им се спротивставаат на говорот на омраза и на дискриминацијата по различни основи, меѓу другото и врз основа на полот, родот, сексуалната ориентација и родовиот идентитет;
- медиумите немаат политика на регулирање на содржините на коментарите на своите објави, преку прикривање или бришење содржини со родови дезинформации, говор на омраза, навреди и други штетни содржини. Во оваа насока, потребно е да се воспостават интерни политики и лица одговорни за регулирање на коментарите со негативни содржини, со цел да се спречи нивно понатамошно ширење.

Институт за
комуникациски
студии

НЕ ВЕРУВАЈ
ПРОВЕРУВАЈ!
#користифакти

www.iks.edu.mk
info@iks.edu.mk

British Embassy
Skopje

UKaid
from the British people

Овој производ е подготвен во рамките на проектот „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија“, финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада во Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската влада.

Институт за
комуникациски
студии

НЕ ВЕРУВАЈ
ПРОВЕРУВАЈ!
#користифакти